ООУ „11 ОКТОМВРИ“ - ЦЕНТАР, СКОПЈЕ



ПРОГРАМА ЗА

ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ

И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

СОДРЖИНА

1. Еднодневен есенски излет со учениците од I до IX одделение …… 3

2. Еднодневен пролетен излет со учениците од I до IX одделение ……..5

3. Еднодневна екскурзија со ученици од III одделение ……7

4. Настава во природа со ученици од V одделение ……9

5. Дводневна екскурзија со ученици од VI одделение ……..19

6. Тридневна екскурзија со учениците од IX одделение ……21

7. Зимски кампови со учениците од VI-IX одделение ……24

8. Летни кампови со учениците од VI-IX одделение ……...26

1.ПРОГРАМА

за еднодневен есенски излет на учениците од I до IX одделение во учебната 2026/2027 година

Локалитет - Сарај

Одд: од I до IX одделение

*** воспитно-образовните цели**

- развивање и негување на спортски дух ;
- развивање на другарство и социјализација на учениците;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и градење еколошки навики;
- развој на еколошката свест;
- запознавање со убавините и богатствата на непосредната околина;
- развивање позитивен однос кон верските и културните вредности и нивните различности.

***содржини и опис на активности**

- дружење, рекреација, фотографирање;
- правилно држење на телото;
- набљудување на природата и живиот свет во неа;
- размислувања и дискусии за значењето на природата за човекот и живиот свет;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- спортски активности и игри во природа;
- чистење на теренот и собирање на отпадоците на крајот од посетата на локалитетот.

***Раководител на екскурзијата: Филип Павловски – предметен наставник**

***Одговорни наставници:** Одделенски наставници од I до V одд. и одделенски раководители од VI до IX одд.

***Времетраење**: од 8.00 до 15.00 часот; Октомври 2026 година

***Локација за посета:** Во близина на Скопје – Сарај - Скопје

*** локациите за посета и правците на патување**
Скопје – Сарај - Скопје

***техничката организација**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;
- Екскурзијата ќе се реализира во еден ден со ученици од предметна настава и ученици од одделенска настава

*** начинот на финансирање**

- Самофинансирање од страна на родителите на учениците

2.ПРОГРАМА

За организација и изведување на еднодневен пролетен излет

за учениците од I до IX одделение во учебната 2026/2027 година

Локалитет Св.Никита, Скопска Црна Гора - Скопје (ученици од I до III одделение) и

Лешок - Теарце (ученици од IV од IX одделение).

Одд: од I до IX одделение

***воспитно - образовни цели:**

- развивање интерес за запознавање на релјефните и културно - историските одлики на наведените локации;
-учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат;
- социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

***содржини и активности:**

- заедничко доживување на околината, дружење;
- посета на културно - историските знаменитости;
- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;
- посета на Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.

***Раководител на екскурзијата: Андреа Стојановски**

***Одговорни наставници:** Одделенски наставници од I до V одд. и одделенски раководители од VI до IX одд.

***Времетраење**: од 8.00 до 15.00 часот; Мај, 2027 година

***Локација за посета:** Во близина на Скопје – Скопска Црна Гора

Во близина на Тетово - Лешок - Општина Теарце

***Правец на патување на пролетниот излет:** Скопје – Скопска Црна Гора - Скопје и Скопје - с. Лешок (Лешочки манастир) - Скопје

***Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;
- Екскурзијата ќе се реализира во еден ден со ученици од предметна настава и ученици од одделенска настава.

Начин на финансирање:

- самофинансирање од страна на родителите за учениците од 1,2,3 и 9 одделение;
- финансирање од страна на Општина Центар за учениците од 4,5,6,7,8 одделение

*

3.ПРОГРАМА
За реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2026/2027 година

Место: Вруток, Лешок - Гостивар

Одделение: III одделение

***Воспитно - образовни цели:**
- непосредно да се запознаатсо природните убавини на северозападна Македонија, реките, планините, изворите и развојот на туризмот;
- да ги прошири знаењата за својот роден крај;
- да ги почитува културните традиции и културното наследство;
- да се запознава со верските објекти во својата татковина;
- да развива чувство на припадност, патриотизам, почит и гордост кон својата татковина;
- да ги запознава природните богатства на својата татковина.

***Задачи:**
- да ги изучуваат и истражуваат објектите од историско значење во северозападна Македонија;
- да го оживеат и приближат минатото, создавајќи љубов и почит кон него;
- да се поттикнат да развијат почит кон верските објекти;
- да развијат позитивен однос кон животната средина и природните убавини;
- да развијат чувство за одговорност и дисциплина;
- да се поттикнат и да развијат чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен дух кај учениците;
- да се оспособува за проценка на безбедна и не безбедна ситуација во сообраќајот;
- да се изразува со македонски литературен јазик;
- да умее да пренесува кратки информации следени од посетата;
- правилно да се изразува со правилен редослед на зборовите во реченициte;
- да се оспособува да известува за слушнат или доживеан настан.

***Содржина на активности:** Рекреација, дружење, спортски активности, набљудување, насочено внимание, истражување, интервју со локалните жители, фотографирање.

***План на патувањето:**

- Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 08.00 часот. Се патува до Вруток со попатен одмор по потреба.
- Следува одмор, појадок и освежување на учениците. Панорамско разгледување на околината.
- Посета на изворот на реката Вардар
- Пристигнување во с. Лешок и посета на Лешочкиот манастир (комплексот се наоѓаат црквите „Св. Атанасиј“ и „Св. Богородица“, како и гробот и спомен собата на Кирил Пејчиновиќ кој е еден од најпознатите македонски преродбеници од XIX век)
- Во 13.00 часот следи организиран ручек (ланч пакет) на учениците.
- Враќање за Скопје во 13.00 часот со попатен одмор и пристигнување во училиштето во 15.00 часот.

***Раководител на екскурзијата: Мануела Трпчевска**

- Наставници: одделенски наставници - одделенски раководители
- III-1 – Мануела Трпчевска, Катарина Василевска
- III-2 – Весна Недановска, Елисавета Шиковска
- Ученици од III1 и III2 одделение - 47

***Време на реализација :** Април - Мај 2027 година (еднодневна)

***Локации за посета и правци на патување:** Скопје - Вруток - Лешок - Скопје.

***Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

***Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

4.ПРОГРАМА
За реализација на настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2026/2027 година

***ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

Историја и општество

Ученикот/ученичката

- Ги запознава туристичките центри и локалитети во Република Северна Македонија;
- Стекнува елементарни знаења за културното наследство на Република Северна Македонија;
- Развива чувство на почит кон културното наследство и традициите во Република Северна Македонија;
- Стекнува основни знаења за старите градби, цркви, манастири, археолошки наоѓалишта.

Македонски јазик

Ученикот/ученичката

- Ги проширува своите знаења за легенди;
- Раскажува за настан од сопствено доживување;
- Опишува детално, предмет, лик, слика;
- Пишува извештаи по извршени посети.

Математика:

Ученикот/ученичката

- Собира, селектира и организира релевантни податоци;
- Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци;
- Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања;
- Изготвува столбест дијаграм.

Ликовно образование:

Ученикот/ученичката

- Воочува и применува видови ритам;
- Комбинира точки, линии и плоштини и да црта текстура;
- Воочува и да споредува целина и детали;
- Создава со детали композиција.

Музичко образование:

Ученикот/ученичката

- Пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика;
- Го усвои поимот музички фолклор;
- Ги препознава и именува народните песни според содржината;
- Стекнува позитивен став кон народното музичко творештво.

Физичко и здравствено образование:

Ученикот/ученичката

- Да ги знае и практикува правилата за игра и рамноправно да учествува и соработува во тим – екипа;
- Да се развива култура на однесување во спортувањето (како учесник, навивач, победник, поразен).
- Да увежбува и совладува елементи од фудбал;
- Да ја осознае улогата на моториката поврзана со елементите со топка, слободно водење и движење со топка.

ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

- Непосредно запознавање со Шарскиот планински предел со дополнување и објаснување на географските поими на самиот терен;
- Проширување на знаењата за природните езера, нивната искористеност, како и грижата за нивна заштита од загадување;
- Непосредно запознавање со Вевчанските извори;
- Непосредно запознавање со манастирскиот комплекс Рождество на Пресвета Богородица (четири храма и две пештерски цркви), Калишта;
- Проширување на знаењата за флората и фауната во Охридското Езеро;

- Набљудување на природниот феномен истекот на Црни Дрим;
- Запознавање со градовите Струга, Охрид и специфичностата на македонската архитектура;
- Проширување на знаењата за историското минато на нашиот народ.

***СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

Западниот дел на РС Македонија – градови, извори, реки, кањони, езера, планини, музеи, средновековни градби, цркви, манастири, археолошки наоѓалишта.

- Набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите;
- Собирање на материјали и податоци со географските содржини од секој посебен објект;
- Пеење на народни песни различни по содржина;
- Организирање на спортски и други рекреативни игри.

Учениците ќе престојуваат во Струга или Охрид, во установа во која има простории за изведување на планираните активности за секој работен ден, по претходно реализираната посета на определени локалитети и атрактивни места.

Техники методи и инструменти за следење на постигнувањата на учениците:

- Набљудување, белешки на наставникот, анегдотски белешки, чек – листи, дневен формулар за следење, листи за проверка, работни листови.

Теми на истражување:

Екологија (еколошка интеграција):

- Водата како животна средина **-** истражување на Охридското Езеро - флора и фауна;
- Земјата и воздухот како животна средина и услов за живот;
- Сонцето, услов за живот;
- Растенија и животни кои се среќаваат во крајот.

Историја и општество:

- Животот и работата на луѓето во локалната заедница;
- Посета на Наколното живеалиште (Музеј на вода) Охрид;
- Стопански и нестопански дејности;
- Селска и градска куќа - архитектура;
- Археолошки наоѓалишта;
- Од историското минато на македонскиот народ.

Литература и творење:

- Читање легенди за Охрид, Струга и околината;
- Литературно творење;
- Пишување извештај

Математика:

- Употреба на математичките операции преку истражување, собирање и средување на податоци во корелација со реализираните истражувања.

Култура и фолклор:

- Народни песни, носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од Охрид, Струга, с.Вевчани и Калишта.

Спорт:

- Утринска гимнастика;
- Одење и пешачење во природа;
- Атлетски дисциплини и натпревари;
- Спортски игри: фудбал, кошарка, народна топка;
- Рекреативно - забавни игри (игри без граница).

Производствено - корисна работа*:*

- Изработка на книга за реализираната едукативно-забавно настава во природа во Западна Македонија.

Културно и забавни активности:

- Вечер на хумор и смеа;
- Избор на најдобар глас;
- Игранка.

Хигиена и здравје:

- Одржување лична и општа хигиена;
- Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

Потребен материјал за наставни активности:

- Прибор за пишување и цртање
- Работна тетратка
- Наставни средства и помагала

Распоред на времето во текот на денот:

- Станување;
- Лична хигиена и уредување на спалните соби;
- Утринска гимнастика;
- Појадок;
- Посети;
- Ручек;
- Време за одмор;
- Ужина и активен одмор;
- Вечера;
- Културно - забавни активности.

ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА

Ден	Посети и активности
Прв ден	**Подготовка и попатни активности** Бележење на местото на тргнување, времето, сите попатни места на минување и застанување, изминатиот пат во километри на нема карта. **Поаѓање:** Тргнување во раните утрински часови од Скопје ❖ Вевчани - посета на Вевчански извори. ❖ Посета на градот Струга (Истекување на реката Црн Дрим од Охридското Езеро, Мостот на поезијата, прошетка низ чаршијата, Природонаучен музеј, Спомен куќа на браќа Миладиновци) ❖ Манастирски комплекс Св. Богородица-Калишта Пристигнување во градот Охрид и сместување во хотелот, вечера, забава во пижами.

Ден	Посети и активности
Втор ден	**Претпладневни активности** Посета на центарот на градот Охрид ❖ Стар град ❖ Куќата на Робевци ❖ Антички театар ❖ Плаошник (цртање на околината)

Ден	Посети и активности
	❖ Самоиловата тврдина (историски час) ❖ Црква Св.Софија ❖ Св. Јован-Канео (ручек, попладневен одмор, посета на плажа и разгледување на растителниот и животинскиот свет. (фокусирано набљудение – природа), собирање на материјали за работа-каменчиња, работилница, ужина, вечера, диско забава) ***<u>Наставни часови попладне</u>*** **Македонски јазик**: Пишување извештај за извршените посети Читање на легенди за градот Охрид и Охридското Езеро, и Цар Самоил во легендите и реалноста **Математика**: Работа со податоци **Физичко и здравствено образование:** Спортски активности (кошарка, фудбал, одбојка, македонски ора.) **Корелација:** македонски, математика и физичко и здравствено образование

Ден	Посети и активности
Трет ден	**Претпладневни активности** ❖ Посета на Билјанини извори-рибник ❖ Наколното живеалиште - Музеј на заливот на коски во Градиште ❖ Посета на Острово, изворот–врутокот на реката Црн Дрим и манастирот Св. Наум Охридски (ручек, попладневен одмор (друштвени игри), работилница, вечера, забава-Натпревар „Златен глас“)

Ден	Посети и активности
	Наставни часови попладне **Македонски јазик:** Писмена вежба „Опис на езерото“ **Музичко образование:** Обработка на песната „Билјана платно белеше“ **Природни науки:** Флора и фауна во Охридското Езеро **Ликовно образование:** Цртање по набљудение (блиската околина) **Корелација:** македонски јазик, природни науки, ликовно и музичко образование

Ден	Посети и активности
Четврти ден	**Охрид-Битола-Хераклеа-Стоби-Скопје** **Претпладневни активности** (појадок, едукативни активности, ручек) ❖ Поаѓање за Битола ❖ Прошетка низ Широк сокак ❖ Посета на Саат кулата и Јени џамија ❖ Посета на археолошките наоѓалишта Хераклеа и Стоби Враќање во Скопје во вечерните часови. ***Наставни часови претпладне*** **Македонски јазик:** Пишување извештај **Математика**: Работа со податоци **Музичко образование:**Обработка на песната „Битола мој роден крај“ **Корелација:** македонски јазик, математика, музичко образование **Забелешка: Посетите ќе бидат реализирани во зависност од условите и можностите.**

***Раководител на Настава во природа: Весна Крацовска**

- Наставници: одделенски наставници - одделенски раководители
- V-1 – Весна Крацовска, Лепосава Самболец
- V-2 – Сандра Толевска, Билјана Танеска
- V-3 – Ана Миновска, Сузана Трендафилова
- Ученици од V1, V2 и V3 одделение - 57

***Времетраење**

Четиридневна настава во природа во месец мај 2027 год

***Локациите за посета и правците на патување**

Скопје - Тетово - Гостивар - Маврово - Вевчани - Струга - Охрид - Битола - Скопје

***Техничката организација**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

***Начинот на финансирање -** Самофинансирање од страна на родителите

5.ПРОГРАМА

За дводневна екскурзија

за учениците од VI одделение во учебната 2026/2027 година

*Воспитно - образовни цели:

- Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина;
- Запознавање со убавините, богатствата и културно - историските знаменитости;
- Трајно стекнување на знаење и развивање на чувство на љубов и чување на природните богатства и убавините на татковината;
- Запознавање со археолошките локалитети во Република Северна Македонија и специфичноста на македонската архитектура;
- Непосредно запознавање со природните убавини на источниот дел на Република Северна Македонија, природните езера, реките, планините и развојот на туризмот;
- Подобро меѓусебно запознавање на учениците;
- Продлабочување на другарството и надминување на национални, верски, социјални и други разлики;
- Да се прошират знаењата од различни области на историја, географија итн.

*Задачи:

- Развивање на позитивен однос кон: националните, културните и археолошки вредности во Република Северна Македонија;
- Развивање интерес за културно - историските знаменитости на татковината;
- Развивање на интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Содржини и активности: набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и другите материјали;
- Водење интервју со кустоси, монаси и историчари.

***Раководител на екекурзијата:** Убавка Џинов

Наставници: предметни наставници - одделенски раководители

VI-1 – Убавка Џинов

VI-2 – Николина Ивановска

Ученици од VI1 и VI2 одделение - 58

*** времетраење**
- дводневна екскурзија во месец мај 2027 година

*** локации за посета и правците на патување**
Правец на патување
Скопје – Кратово – Пробиштип –Берово –Струмица- Стар Дојран – Стоби -Скопје .

Прв ден
Скопје- Кратово (Радин мост)- Пробиштип (манастир Гаврил Лесновски с.Лесново)-Берово (Беровско Езеро) - пристигнување во Струмица и ноќевање.

Втор ден
Струмица (Колешински Водопади) -Стар Дојран- (Запознавање со убавините на Дојран и Дојранското Езеро и физичка активност спорт и рекреација на терените покрај Дојранското Езеро)-посета на Археолошки локалитет СТОБИ - враќање во Скопје.

***техничка организација**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

*** начин на финансирање**
Самофинансирање од страна на родителите

6.ПРОГРАМА

За тридневна екскурзија со ученици од IX одделение

за учебната 2026/2027 година

*Воспитно - образовни цели:

- Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина;
- Запознавање со убавините, богатствата и културно - историските знаменитости;
- Трајно стекнување на знаење и развивање на чувство на љубов и чување на природните богатства и убавините на татковината;
- Запознавање со археолошките локалитети во Република Северна Македонија и специфичноста на македонската архитектура;
- Непосредно запознавање со природните убавини на јужниот и западниот дел на Република Северна Македонија, природните езера, реките, планините и развојот на туризмот;
- Подобро меѓусебно запознавање на учениците;
- Продлабочување на другарството и надминување на национални, верски, социјални и други разлики;
- Да се прошират знаењата од различни области на литература, географија, биологија итн.

*Задачи:

- Развивање на позитивен однос кон: националните, културните и археолошки вредности во Република Северна Македонија;
- Развивање интерес за културно - историските знаменитости на татковината;
- Развивање на интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

- Содржини и активности: набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и другите материјали;
- Теренска настава: презентација на претходно подготвени трудови, проекти;
- Водење интервју со кустоси, монаси и историчари.

***Раководител на екекурзијата: Костантин Стојановски**

Наставници: предметни наставници - одделенски раководители на

IX-1 – Александар Чавкароски ,

IX-2 – Костантин Стојановски и

IX-3 – Ружа Стојковиќ

Ученици од IX-1 , IX-2 и IX-3 одделение - 76

***Локации за посета**: Мавровско езеро, Манастир „Св. Јован Бигорски“, женски манастир во Рајчица, хидроцентрала Глобочица, Вевчанските извори - Вевчани, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Софија“ - Охрид, црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски„ – Охрид, Куќата на Робевци, Заливот на коските и Билјанини извори.

- **Прв ден**: Поаѓање од училиште, се патува преку Тетово, Гостивар и Маврово, панорамски разглед на Мавровско Езеро, посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“, манастирот „Св.Георгиј Победоносец“ во Рајчица, хидроцентралата Глобочица, Вевчанските извори, Струга - Црн Дрим. Пристигнување и сместување во Охрид;
- **Втор ден**: Посета на Охрид: Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црквата „Св. Софија„ - Охрид, Црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски“, Куќата на Робевци, разгледување на Старата чаршија во Охрид;
- **Трет ден**: посета на Залив на коските, Билјанини извори, прошетка низ Старата чаршија во Охрид, враќање за Скопје.

***Правците на патување**: Скопје - Тетово - Гостивар – Охрид, Охрид - Скопје

***Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

***Времетраење:** Три дена со две ноќевања;

***Време на реализација:** Април / Мај 2027 година;

***Начин на финансирање:** Финасирање од страна на Општина Центар.

Тим за изготвување на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебна 2026/27 година

Даница Блажеска – директор
Ана Шалева Ивановска – стручен соработник – педагог
Сандра Толевска – одделенски наставник
Убавка Џинов – предметен наставник
Ружа Стојковиќ – предметен наставник

Скопје
06.07.2026 година

Директор
Даница Блажеска